Бр./Nr 12-2192/2
02-09-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната :

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1184/1 од 28.03.2025 година, против службени лица вработени во Општина --------------, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што Државната комисија за спречување на корупцијата за наводите од пријавата има постапено и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-1184/1 од 28.03.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Предметната пријава е поднесена до Државната комисија од непознат подносител. Истата содржи наводи против службени лица вработени во Општина ------------ за незаконско постапување и злоупотреба на службената положба при донесување на деталните урбанистички планови.

Државната комисија по разгледување на пријавата констатира дека веќе се има произнесено за наводите од пријавата, постапувајќи по предмет оформен по пријава со исти и слични наводи и на својата 27-ма седница одржана на 23.01.2026 година има донесено одлука со број 12-515/1, со која постапката се запира поради тоа за предметниот случај постапил друг надлежен орган.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk